**759.**
Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), Советот на Град Скопје на триесет и шестата седница одржана на 22 декември 2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2015 година**

## I . ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за активностите во областа на средното образование е да предложи активности и задачи преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Градот Скопје во оваа сфера и ќе се зацврсти неговата улога во креирањето и спроведувањето на образовни политики во согласност со локалните потреби и визии за развој на средното образование.

## II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти и активности кои ќе се преземат за остварување на утврдените цели во областа на образованието во текот на 2015 година. Во неа се опишани начините за остварување на приоритетните цели, потребата од нивно реализирање и потребните финансиски средства.

## III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Градот Скопје, во областа на средното образование да биде насочен кон остварување на четири приоритетни цели:

- **Унапредување на квалитетот на воспитно-образовните услуги во средните училишта**
- **Ефективно управување со училишните буџети**
- **Подобрување на физичките услови и опременоста на училишните објекти**
- **Креирање на вонаставни процеси и активности кои го збогатуваат училишниот живот преку:**
  - **унапредување на безбедноста во училиштето и спречување на училишното насилство**
  - **унапредување на здравјето и животната средина**

- **истражувања и промоција на ученичките права, слободи и различности**
- **одбележување на значајни настани и личности во областа на образованието**
- **организирање натпревари во знаења и промоција на училишни постигнувања**

Прв приоритет:

**Унапредување на квалитетот на воспитно-образовните услуги во средните училишта**

Градот Скопје при исполнување на обврските утврдени со закон ќе се води од императивниот цел за континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовните услуги преку преиспитување на постоечки решенија и прифаќање на предизвици за промени кои неминовно го следат образовниот процес. Во таа насока ќе се реализираат голем број на активнсоти и мерки меѓу кои позначајни се:

- ✓ подготвување оптимален предлог за запишување ученици во јавните средни училишта и запишување и прием на ученици во ученичките домови врз основа на стручни анализи, констатирани потреби и со вклучување на сите засегнати страни;
- ✓ организирање и спроведување на бесплатниот ученички превоз врз основа на пропишани критериуми, утврдени процедури и прецизни евиденции;
- ✓ иницирање постапки за верификација на нови струки/профили и модуларни програми за доквалификација на кадри во согласност со барањата на пазарот на трудот и на високото образование.

1. **Изготвување предлог-план за упис на ученици во прва година во средното образование и прием на ученици во ученичките домови**

Согласно измените и дополнувањата во Законот за средно образование („Сл.весник  на Р.Македонија “ број 49/2007 година), средното образование со почетокот на учебната 2008/2009 година е задожително и под еднакви услови достапно за секој граѓанин. Истовремено средното образование во јавните училишта е бесплатно, а општините се одговорни за обезбедување пристап и целосна опфатеност на завршените осмооделенци.

Градот Скопје и во текот на 2015 година ќе ја продолжи политиката за создавање услови за максимален опфат на сите завршени осмооделенци од подрачјето на градот Скопје и можност за вклучување на заинтересираните ученици кои завршуваат основно образование надвор од подрачјето на градот. Истовремено, со Предлог - планот на Градот Скопје за запишување ученици во

средните училишта ќе се настојува, пред сè, да се исполнат специфичните барања за упис на ученици во училиштата и домовите, како и да се задоволат потребите за развој на образованието на градот Скопје.

Процесот на изготвување предлог-план за упис на ученици во прва година во средните училишта и ученички домови опфаќа повеќе аналитички и истражувачки постапки како што се:

- анализа на просторните услови, на кадровските капацитети и на опременоста на училиштата и ученичките домови;
- собирање податоци, анализа и дополнување на предлозите на училиштата и ученичките домови за запишување ученици во прва година;
- анализа на потребата за воведување нови струки и профили во средните училишта;
- анализа на податоци за потребата од кадри на пазарот на трудот;
- изготвување ранг-листи на најбарани занимања и профили на пазарот на трудот;
- собирање податоци за бројот на осмооделенци кои завршуваат во основните училишта на подрачјето и во регионот на градот Скопје, како и за проектираниот број на потенцијални ученици од другите општини во земјата;
- соработка со Државната комисија за спроведување на Конкурсот за упис на ученици во средните училишта и ученичките домови;
- изготвување извештаи за пополнети места по првиот и вториот уписен рок;
- одобрување на паралелки со помал број ученици од законски предвидениот минимум по добиено мислење од ресорното министерство;
- изготвување предлози за дисперзија на паралелки во рамки на мрежата на средните училишта на Градот.

## 2. Организирање и спроведување на бесплатен ученички превоз

Во текот на 2015 година, врз основа на обврските коишто произлегуваат од Законот за средното образование, Градот Скопје ќе организира и обезбеди бесплатен ученички превоз за второто полугодие во учебната 2014/2015 година и за првото полугодие во учебната 2015/2016 година. Во рамки на оваа постапка ќе биде обезбеден бесплатен ученички превоз за 20.503 ученици корисници на градски превоз и за околу 230 ученици-корисници на меѓуградски превоз. Во насока на исполнување на оваа обврска Градот Скопје ќе ги преземе следните активности:

- Креирање на единствена база на податоци за ученици кои ги исполнуваат условите за користење на бесплатниот ученички превоз;

- Изготвување упатства за евиденција на учениците коишто раководствата на училиштата ќе ги користат при обезбедувањето на билети на учениците корисници на градски превоз и при избор на превозниците за меѓуградски превоз;
- Склучување Договор за вршење превоз на ученици со Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје и обезбедување месечни трансфери на средства до училиштата за трошоците за меѓуградскиот превоз;
- Следење на тековните потреби на учениците преку организирање на анкети, истражувања и сл.

**3. Иницирање постапки за верификација на нови струки/профили и модуларни програми за доквалификација на кадри во согласност со новите барање на пазарот на трудот и високото образование**

Во соработка со раководствата на училиштата и релевантните образовни институции во земјата Градот Скопје ќе преземе мерки и активности за отворање нови образовни профили и струки во училиштата преку нивно соодветно планирање во прдлог-планот за упис на ученици и обезбедувајќи соодветна стручна и финансиска поддршка. Воедно активно ќе ги поддржува сите активности на училиштата во креирањето на флексибилните модули за преквалификација и доквалификација на кадри и заинтересирани возрасни лица.

Втор приоритет

| **Ефективно управување со училишните буџети** |
| --- |

Поаѓајќи од фактот дека процесот на буџетирање е еден од главните инструменти преку кои општината ги остварува своите законски надлежности во областа на локалното управување со образовниот процес, Градот Скопје во текот на 2015 година особено внимание ќе посвети на две цели и тоа:

- утврдување на приоритетите во образованието во форма на конкретна распределба на средствата по училиштата за задоволување на специфични потреби на секое училиште одделно и
- активно следење на финансиската состојба на училиштата со цел навремено репрограмирање на средствата или надополнување од основниот Буџет на Градот Скопје.

Во рамките на активностите за управување со училишните буџети во текот на 2015 година ќе бидат преземени постапки кои го структурираат буџетскиот

процес и овозможуваат следење на неговата реализација. Во таа насока ќе се работи на зацврстување на процедурите и постапките кои овозможуваат активно учество на сите учесници во процесот, ја унапредуваат комуникацијата меѓу Градот Скопје и училиштата, обезбедувајќи истовремено високо ниво на транспарентност при одлучувањето и утврдувањето на приоритетите. Процесот ќе ги следи четирите задолжителни фази на буџетирање:

- воспоставување финансиски планови на училиштата (подготовка на училишните буџети како дел од Буџетот на Градот Скопје)
- следење и контрола на начинот на кој се користат средствата (реализацијата на училишните буџети)
- приспособување на финансиските планови во текот на годината доколку за тоа се утврди потреба и неопходност (усогласување на училишните буџети) и
- на крајот од фискалната година преглед и контрола на завршната сметка (буџетско известување).

При финансирањето на оперативно-техничките расходи на училиштата Градот Скопје ќе продолжи со имплементација на воспоставената методологијата за меѓуучилишна распределба на средствата од блок-дотацијата којашто се базира на историски податоци за реално остварените трошоци на училиштата и за висината на средствата со коишто се задоволуваат специфични потреби на училиштата поврзани со бројот на ученици и видот на образование што се остварува во тие училиштата.

Во рамките на активностите за финансирање на платите на вработените во 21 средно училиште чиј основач е Градот Скопје ќе се врши континуирано ажурирање на податоците за човечките ресурси на училиштата. Врз основа на овие податоци Градот Скопје ќе ги изготвува прегледите за давање согласности за вработување на наставен и ненаставен кадар на определено време и предлози за трансформација на работниот однос од определено во неопределено време. Истовремено, истите податоци ќе бидат основа за изготвување предлози за распределба на наставни часа меѓу вработените во училиштата кои остануваат, целосно или делумно, без потребниот фонд на часови.

Трет приоритет

**Подобрување на физичките услови и опременоста**

**на училишните објекти**

Во текот на 2015 година ќе се продолжи во насока на модернизирање на условите за работа во училиштата, унапредување на физичките капацитети и подобрување на инфраструктурата на училишните објекти. За таа цел ќе бидат преземени четири групи на проектни активности:

1. Тековно одржување на училишните објекти преку обезбедување:
    - средства за итни интервенции за санирање на акутни проблеми во училиштата и поддршка во одржувањето на инфраструктурата: одржување и поправка на системите за затоплување, одржување на системот за второстепена регулација на потрошувачката на топлинска енергија, поправки на покриви и слично. Предвидени се средства во висина од 3.000.000 денари;
    - средства за тековно-оперативни раходи на училиштата за комунални услуги, греење и средства за превоз на учениците во висина од 10.000.000 денари;

2. Реконструкција на училишни згради, фискултурни сали и спортски игралишта којашто опфаќа пред сè проекти за подобрување на енергетската ефикасност, како што се: реконструкција на покриви и фасади, поставување на нова столарија, реконструкција на осветлувањето на училишниот простор; реновирање на подови, санација и реновирање на санитарните јазли и помали градежни зафати за решавање на инфраструктурни проблеми. За оваа намена се обезбедени средства во висина од 24.000.000 денари;
3. Изградба на нова фискултурната сала на СУГС„Боро Петрушевски“. Предвидени се средства во висина од 10.000.000 денари;
4. Набавка на нова информатичка технологија (интерактивни табли и сл.). Обезбедени се средства во висина од 1.800.000 денари.
5. Набавка на училишен мебел и опрема (видео-надзор). Обезбедени се средства во висина од 1.400.000 денари.
6. Опремување на новоизградените училишни згради (во Шуто Оризари, Сарај и др). Обезбедени се средства во висина од 1.000.000 денари.
7. Набавка на училишни нагледни средства и помагала. Обезбедени се средства во висина од 1.000.000 денари.
8. 

Извори на средства:

**Средствата потребни за реализирање на третиот приоритет се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2014 година, во НА Програма за капитални расходи за средно образование во висина од 38.200.000 денари и во Н2 Програма за средно образование во износ од 14.000.000 денари.**

Четврт приоритет

| **Креирање на воннаставни процеси и активности кои го збогатуваат училишниот живот** |
|---|

Психосоцијалните акции и проектните активности во средното образование во 2015 година Градот Скопје ќе ги насочи на полето на воннаставните активности со цел и понатаму на најнепосреден начин да ги оствари своите законски надлежности за грижа и унапредување на општите состојби во училиштата. Се предвидуваат голем број проекти, презентации, натпревари, истражувања и други активности преку кои ќе се анимираат сите членови на училишната заедница и ќе се поттикнат да земат активна улога во креирањето на секојдневниот живот на училиштата, во решавањето на проблемите и во создавањето на промени во согласност со сопствените потреби и визија за развој на училиштето.

Унапредувањето на психосоцијалниот амбиент во училиштата треба да произлезе од конкретните мерки и активности кои ќе бидат превземени во насока на :

1. унапредување на безбедноста во училиштето и спречување на училишното насилство
2. унапредување на здравјето и животната средина
3. истражувања и промоција на ученичките права, слободи и различности
4. одбележување на значајни настани и личности во областа на образованието
5. организирање натпревари во знаења и промоција на училишни постигнувања

Во рамки на овие иницијативи ќе се воспостави соработка со невладините организации, експертските здруженија и агенции, стручните активи и служби на училиштата како и со релевантни институции и странски мисии кои работат на полето на средното образование.

***Се предвидуваат следниве проекти и активности:***

- *Психосоцијална помош и поддршка на членовите на училишната заедница за справување со насилството* преку воспоставување јасни механизми и промоција на позитивни вредности. Овој проект треба да обезбеди континуитет на активностите кои започнаа пред неколку години во училиштата, а се однесуваа на разни аспекти на безбедноста и на градењето стратегии за надминување на проблемите со насилството. Истовремено проектот треба да ги зајакне и оддржи ефектите на актуелната програма што Градот Скопје ја имплементира на инцијатива на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. Специфични цели на овој проект се:
    - Сензибилизирање на училишните средини за присуството на разни форми на насилството во училиштата преку дебатни форуми и презентација на наоди од истражувања, анкети и сл.;
    - Поврзување на училиштата, учениците од различни етнички и културни средини преку работа на проектот со користење современа информатичка технологија;

- Промовирање на конструктивни приоди и методи на работа со средношколците на теми поврзани со ризичното однесување.

- ***Унапредување на здравјето и животната средина* со цел јакнење на свеста кај средношколците и пошироката јавност за личната одговорност во заштитата на здравјето и животната средина. Специфична цел на проектот ќе биде да ја унапреди соработката и поврзаноста меѓу наставниците, учениците, експертите од областа на здравјето и животната средина и јавните претпријатија на Град Скопје во акциите за континуирано разубавување на животната средина, во зачувувањето на природните убавини на градот и во градењето на здрави животни стилови.**

- *Истражувања и промоција на ученичките права, слободи и различности* – со цел да се иницира дебата меѓу младите луѓе на теми кои се релевантни за нивните идентитетски преокупации и да се пружи стручна поддршка и помош поврзана со оваа проблематика. Вклучување на средношколците во истражувањето водени од стручни лица се очекува да придонесе за нивно правилно сензибилизирање за состојбите во однос на правата на учениците во образовниот систем, нивните слободи, родовата еднаквост, разликите и дискриминацијата и други поврзани теми по нивен избор.

  За реализација на проекти и активности на погорепосочените теми обезбедени се средства во Буџетот на Градот Скопје во Н2 Програмата во висина од 1.500.000 денари и истите ќе бидат реализирани во соработка со невладини здруженија, фондација и експертски организации.

- *Одбележување на значајни настани и личности во областа на образованието.* Овој проект опфаќа*:* организирање на манифестации и настани преку кои ќе бидат одбележани ликот и делата на истакнати македонски дејци. Специфичната цел на проектот се состои во истакнување на улогата и значењето на образованието низ историјата на македонското општество и промоција на вредносен систем во којшто образованието има клучна улога во себереализацијата на една млада личност.
  За реализирање на оваа потпрограмска активност во буџетот на Град Скопје во Н2 Програмата, предвидени се средства во висина од 250.000 денари.

- *Организирање на меѓуучилишни натпревари по одредени наставни предмети и поддршка на училишната заедница за организација и учество на меѓународни манифестации, значајни настани и натпревари.* Во рамките на оваа потпрограмска активност ќе се реализира:

- Јавен повик за избор на акредитирани здруженија на наставници за организирање на натпревари во знаење меѓу средните училишта на Град Скопје. Целта на натпреварите е продлабочување на знаењата на учениците во одредени научни дисциплини и поттикнување конструктивен натпревар меѓу учениците за постигнување повисоки образовни цели.
- поддршка на училишните заедници во организирање и учество на меѓународни манифестации, настани и натпревари со цел следење на образовните трендови, размена на искуства и афирмација на постигнатите резултати пред пошироката јавност.

За реализирање на оваа потпрограмска активност во буџетот на Град Скопје во Н2 Програмата, предвидени се средства во висина од 600.000 денари.

- *Промоција на високи училишни постигнувања.* Оваа потпрограмска активност опфаќа два сегмента:
  - Организирање на традиционалната манифестација „Парада на матуранти“ во соработка со Дирекцијата за култура и уметност - Скопје која е единствен носител на ексклузивното право за организирање на овој настан во Република Македонија. „Парадата на матуранти“ е манифестација во која на градските плоштади во над 25 европски земји матурантите синхронизирано, точно на пладне, на иста музика го играат танцот *квадрил*. Поврзувањето на градските прослави е овозможено преку сателитски ТВ-линкови, преку кои се следи и натпреварот за поставување на Гинисов рекорд во бројот на вклучени матуранти-танцувачи. Овогодишната „Парада на матуранти“ ќе се одржи по осми пат, во месец мај за која, претходно во училиштата, ќе бидат организирани серија на подготвителни работилници за совладување на техниките на танцување од страна на Танцовиот клуб „Ритам плус“ кој рботи во состав на Дирекцијта. Преку оваа манифестација матурантите од средните училишта на нашиот град ќе добијат можност да станат дел од големата интернационална прослава на матурата.
  - Наградување на матурантите-првенци на генерација од завршните години на средното образование на свечен настан организиран од страна на Дирекцијата за култура и уметност - Скопје. Целта е да се афирмираат најдобрите ученици пред пошироката јавност и да се поттикне интересот за учење и за постигнување на високи училишни резултати кај идните генерации ученици.

**Средствата потребни за реализирање на оваа потпрограмска активност се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2015 година, во Н2 Програма и изнесуваат 1.000.000 денари.**

- *Ангажирање на професионални агенции за обезбедување на имоти и лица* со цел да се постигне засилено физичко обезбедување во училиштата. За оваа намена во Буџетот на Градот Скопје предвидени се 14.000.000 денари во Н2 Програмата, со што ќе се овозможи ангажирање на професионални лица за обезбедување, најмалку по двајца во училиште, и тоа во текот на второто полугодие од учебната 2014/2015 година и во првото полугодие од учебната 2015/2016 година.

***Активности во областа на меѓународната соработка***

Активностите на Градот Скопје во 2015 година на планот на меѓународната соработка во средното образование ќе продолжат во насока на:

- Интензивирање на соработката меѓу училиштата од збратимените градови
- Поврзување на учениците и училиштата на Градот Скопје со ученици, училишта, институции и мрежи на меѓународни организации преку организирање и учество во натпревари, конкурси, манифестации кои имаат меѓународен карактер.

За остварување на овие цели Градот Скопје ќе обезбеди:

- логистичка и финансиска поддршка на училиштата за меѓународна соработка за активности од стручен и научен карактер со соодветни училишта, организации и фондации од регионот и пошироко, особено со земјите членки на Европската Унија.
- стручна поддршка за учество на училиштата во проекти од програмата на Европската унија за „Доживотно учење“ - Европски образовни програми и мобилност.
- организација на размена на ученици од скопските средни училишта со ученици од збратимениот град Темпи (САД-Аризона) и вклучување на учениците во Меѓународниот конкурс на ликовни творби организиран од надлежните институции на Градот Темпи.
- интензивирање на соработката меѓу збратимените училишта СУГС„Георги Димитров“ од Скопје и Втората гимназија од Нан Чанг, НР Кина.

Во активностите за меѓународна соработка ќе бидат вклучени стручните служби на Градот Скопје, претставници на невладиниот сектор и на релевантните владини институции како и ученици, наставници и директори од средните училишта на Градот Скопје**.**

Во Буџетот на Градот Скопје за 2015 година за оваа потпрограмска активност се обезбедени средства во Н2 Програмата во висина од 150.000 денари.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Комисијата за образование на Советот на Град Скопје го следи спроведувањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на предвидените цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

| | |
|---|---|
| Број 07 –8942/1 | СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ |
| 22 декември 2014 година | ПРЕТСЕДАТЕЛ, |
| С к о п ј е | м-р Ирена Мишева,с.р. |